**20192383720**

**ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ**

Врз основа на член 57, став (8) од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 102/19), Инспекцискиот совет, донесе

**ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ОЦЕНУВАЊЕ И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА УЧИНОКОТ НА ИНСПЕКТОРИТЕ**

Член 1

Со овој правилник се пропишуваначинот на оценување и формата исодржината на образецот за оценување на учинокот на инспекторите (во натамошниот текст: „Образец за оценување“).

Член 2

(1) Образецот за оценување е отпечатен на хартија во бела боја во А4 формат.

(2) Формата и содржината на Образецот за оценување е даден во Прилог,кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

(1) Од страна на непосредно претпоставениот раководител односно раководителот на инспекциската служба, во случаите кога инспекторот нема непосредно претпоставен раководен службеник, се врши оценувањето на инспекторот преку спроведување на интервју со него, при што го утврдува:

- соодносот меѓу вкупниот број на планирани инспекциски надзори утврдени во месечните планови за инспекциски надзор и вкупниот број на извршени инспекциски надзори прикажан во шестмесечните извештаи за работа,
- нивото на почитување на законските рокови за подготвување на записници и донесување на инспекциски акти,
- квалитетот во водењето на записници и решенијата, уредноста во водењето на предметите и квалитетот на писменото изразување,
- нивото на реализација на другите работни цели и задачи,нивото на реализација на индивидуалниот годишен план за стручно усовршување и обука на инспекторот, и
- обемот на работните задачи и цели за наредната година, имајќи ги во вид годишниот план за работа на инспекциската служба и индивидуалниот план за стручно усовршување и обука на инспекторот.

(2) Врз основа на постигнувањата утврдени за време на интервјуто, претпоставениот му доделува на инспекторот соодветен број на бодови, согласно Законот за инспекциски надзор, и тоа:

- оценката „А – особено се истакнува“, покажува дека учинокот на инспекторот е над очекуваното, односно дека тој дава исклучителен придонес кон остварување на плановите за инспекциски надзори на инспекциската служба, со макисмално почитување на законските рокови за подготвување на записници и инспекциски акти, највисок квалитет во работата, целосна вклученост во реализацијата на другите работни задачи кои му се доделени, како и целосно реализирање на индивидуалниот план за стручно усовршување и обука,

- оценката „Б – се истакнува“, покажува дека учинокот на инспекторот е во границите на очекуваното, односно дека тој дава значителен придонес кон остварување на плановите за инспекциски надзори на инспекциската служба, со значително ниво на почитување на законските рокови за подготвување на записници и инспекциски акти, значителен квалитет во работата, значителна вклученост во реализацијата на другите работни задачи кои му се доделени, како и значително реализирање на индивидуалниот план за стручно усовршување и обука,

- оценката „В – задоволува“, покажува дека учинокот на инспекторот е во границите на очекуваното, односно дека тој дава просечен придонес кон остварување на плановите за инспекциски надзори на инспекциската служба, со просечно ниво на почитување на законските рокови за подготвување на записници и инспекциски акти, просечен квалитет во работата, просечна вклученост во реализацијата на другите работни задачи кои му се доделени, како и просечно реализирање на индивидуалниот план за стручно усовршување и обука,

- оценката „Г – делумно задоволува“, покажува дека учинокот на инспекторот е под очекуваното, односно дека тој дава потпросечен придонес кон остварување на плановите за инспекциски надзори на инспекциската служба, со потпросечно ниво на почитување на законските рокови за подготвување на записници и инспекциски акти, потпросечен квалитет во работата, потпросечна вклученост во реализацијата на другите работни задачи кои му се доделени, како и потпросечно реализирање на индивидуалниотплан за стручно усовршување и обука,

- оценката „Д – не задоволува“, покажува дека учинокот на инспекторот е исклучително низок, односно дека тој дава низок придонес кон остварување на плановите за инспекциски надзори на инспекциската служба, со ниско ниво на почитување на законските рокови за подготвување на записници и инспекциски акти, низок квалитет во работата, мала вклученост во реализацијата на другите работни задачи кои му се доделени, како и низок степен на реализирање на индивидуалниотплан за стручно усовршување и обука.

Член 4

Со денот на отпочнувањето на примената на овој правилник, престанува да важи Правилникот за формата и содржината на образецот за годишна оцена за успешност на инспектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 21/16).

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува со денот на отпочнувањето на примената на Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.102/19).

Бр.01-931
7 ноември 2019 година
Скопје

Инспекциски совет
Претседател,
м-р **Магдалена Филиповска-Грашкоска,** с.р.

**Прилог**
**Образец за оценување на учинокот на инспекторите**

[Назив на инспекциската служба]

## Годишна оценка за учинок на инспектор за гггг година

### 1) Податоци за инспекторот и раководителот

| | Инспектор | Раководител |
|---|---|---|
| Име: | | |
| Презиме: | | |
| Вид на инспектор: | | |
| Звање: | | |
| Работно место: | | |
| Број на лиценца: | | |

### 2) Податоци за инспекциски надзори

| Инспекциски надзори/месец | ј | ф | м | а | м | ј | ј | а | с | о | н | д | Вк.год. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Планирани (а) | | | | | | | | | | | | | |
| Извршени (б) | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | Степен на реализација (б/а*100%) | | | | | |
| | | | | | | | | | Бодови | | | | |

### 3) Податоци за почитување на законски рокови

| Записници и инспекциски акти/месец | ј | ф | м | а | м | ј | ј | а | с | о | н | д | Вк.год. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на издадени записници и инспекциски акти (а) | | | | | | | | | | | | | |
| Број на записници и инспекциски акти издадени по истек на законскиот рок (б) | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | Степен на реализација (б/а*100%) | | | | | |
| | | | | | | | | | Бодови | | | | |

### 4) Податоци за квалитет во работењето

| Описна оцена за квалитетот на работењето на инспекторот<br>(водење на записници и решенија во хартиен и/или електронски облик, уредност во водењето на |
|---|

**Прилог**
**Образец за оценување на учинокот на инспекторите**

| |
|---|
| предметите и квалитет на писменото изразување на инспекторот) |
| |
| Бодови |

5) Податоци за други работни цели и задачи

| | |
|---|---|
| Утврдени други работни цели и задачи (а) | |
| Реализирани други работни цели и задачи (б) | |
| Степен на реализација (б/а* 100 %) | |
| Бодови | |

6) Податоци за стручно усовршување и обука

| | Теми и обуки | Број на денови/ часови |
|---|---|---|
| Планирана генеричка и специјализирана обука (а) | | |
| Реализирана генеричка и специјализирана обука (б) | | |
| Степен на реализација (б/а*100%) | | |
| Бодови | | |

7) Оценка за учинокот на инспекторот

| | |
|---|---|
| Вкупно остварени бодови (2+3+4+5+6) | |
| Годишна оцена за учинок на инспекторот (со буква и описно) | |

8) Коментар и препорака на претпоставениот

[Ако во процесот на оценување на учинокот на инспекторот е утврдено дека не ги исполнил поставените работни цели и задачи односно неговиот вкупен учинок делумно задоволува или не задоволува, раководителот во соработка со инспекторот предлага дополнителна обука или менторство.]

9) Коментар на инспекторот

**Прилог**

**Образец за оценување на учинокот на инспекторите**

Датум на спроведувањена оценувањето:

____________________

| Потпис на инспекторот | | Потпис на раководителот |
|---|---|---|
| ____________________ | м.п. | ____________________ |

Напомена:

Врз основа на член 57, став (6) од Законот за инспекциски надзор, директорот односно раководителот на инспекциската служба, најдоцна во рок од осум денови по спроведувањето на оценувањето донесува решение за годишна оценка на инспекторот.

Врз основа на член 57, став (6) од Законот за инспекциски надзор, инспекторот има право на жалба во рок од осум денови по приемот на решението за годишна оценка.